# Модул 4 – Што можеш да направиш?

Тема: Рециклирање

*Модул 4 користи стари внатрешни цевки, и им дозволува на учениците да ги претворат во нови предмети, како на пример држачи за пенкала, ѓердани и привезоци за клуч.*

## Содржина


**ОСНОВА**.................................................................... Error! Bookmark not defined.

**ВОВЕД ПРЕД ЧАС** ..................................................... Error! Bookmark not defined.

**1. ЗАГРЕВАЊЕ** .......................................................... Error! Bookmark not defined.

**2. УЧЕЊЕ** ..........................................................................................................5

**3. ИНТЕРАКЦИЈА**..............................................................................................8

**4. ВЕЖБИ**..........................................................................................................9

**Додаток А: Пробни вежби**.................................... Error! Bookmark not defined.

**Додаток Б: Алатки за учениците и мапа со Материјали**............................ 18

**Додаток В: Вежби за учениците**........................... Error! Bookmark not defined.

## ОСНОВА

**Потребно време:** 1,5ч – 2ч (ЗАБЕЛЕШКА: 1,5ч е доволно за да се направат држачите за пенкала)

**Број на ученици:** Варира. Идеално 15-20.

**Потребен простор:** Нормална училница, со одстранети маси.

**Наставници:** 1

**“Механичар”** (teacher assistant): 1

**Целна возраст:** 9-11

## ВОВЕД ПРЕД ЧАС

Има повеќе подготовки да се завршат за Модул 4. Прво, треба да се соберат стари внатрешни цевки, отворени и измиени.Потоа треба да бидат измерени за да се осигураме дека имаме доволно материјал за сите ученици.

За еден држач за пенкала потребни се 40цм (широк тип), за привезок отприлика 20цм (од тип на тркачки велосипед) и за ѓерданите треба само резервни делови. (**види дел Учење и Интерактивни активности во Дел 2 и 3 за понатамошни објаснувања за како да се изработат предметите. Многу совети може да се најдат на интернет**).

Идејата е **сите деца да направат по еден држач за пенкала посебно**. Ѓерданите и привезоците не се задолжителни и се желба по избор.

За ѓерданите, секој ученик треба да има околу 40цм црна врвца. Доколку имате средства, можете да ги изработите со мали катанци, или во спротивно да ги врзете заедно на следниов начин:



Erasmus+

**За лекцијата, подгответе четири комплети, вклучувајќи:**

1. Лепак (течен), подлоги за лепак, четки и перфоратор (дупчалка за хартија)
2. Материјал за држачи за пенкала: еластичен конец/врвца и платнено марамче
3. Ѓердани (дебел конец) и привезоци за клучеви

**Подгответе материјал за 4 "направи сам" катчиња:**

- Внатрешни цевки за држачи за пенкала
- Ножици
- Метро (2-3 за една група посебно, - совет: земете ги бесплатно во ИКЕА)
- Перфоратори (дупчалки за хартија) (најдобро е еден за една група посебно)
- Маркери или пенкала за да се обележат дупките кои ќе се направат (или нека ги користат своите)
- Еластичен конец/врвца

Настрана, зачувајте го платненото марамче за декорација се додека не е момент да се искористи.

Подгответе го ѕидот за Проба, но со вас задржете ги формите/шаблоните за загревање бр.2. За овој модул, ви треба празен лист за "Листа на задачи", како надополнување на листовите со пробни вежби.

Erasmus+

## 1. ЗАГРЕВАЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Делови од тело** | Вообичаено, на почетокот на часот децата стојат наредени во голем круг. Наставникот ги прашува децата дали знаат каде се наоѓаа нивната глава, раменици, колена, нозе, прсти на стопала (итн). Замолете ги да ги допрат деловите од телото додека се повторуваат зборовите.<br><br>Следно, оставете ги децата нека ја водат активноста, пр.<br>“Допри си ја главата”<br>Секој ученик нека се искаже по еднаш. | 5 мин | Нема |
| **Покажете ги формите преку мимика** | Користејќи ги нивните тела, механичарот и наставникот покажуваат како да се направи круг, квадрат, правоаголник итн. Користет го листот за проба и покашувајте кон него за да се осигурате дека тие разбираат какви мимики прават.<br><br>Учениците нека работат во парови. Изговорете име на некоја форма (квадрат, триаголник, правоаголник, круг, срце, ѕвезда) и оставете ги да најдат начин да ја направат заедно. | 5-10 мин | Листови со пробни форми (Додаток А) |

## 2. УЧЕЊЕ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Имиња** | Наставникот ги дели алатите и материјалите; мапи, и ги објаснува зборовите и термините. | 20 мин | Листови за проба Модул 3 (Додаток А)<br><br>Маркер за бела табла<br><br>Алатки за ученици и мапа со материјали (Додаток Б)<br><br>Пенкала за делење (можете и да ги замолите да си понесат свои) |
| **Ајде да создаваме! #1** | Наставникот и механичарот демонстрираат како да се направат држачи за пенкала користејќи парчиња од стари внатрешни цевки, еластичен конец/врвца и перфоратор (дупчалка за хартија).<br><br>Исто како во модул два, механичарот покашува како нешто да се направи додека наставникот ги запишува чекорите на “листата за активности” (види ја следната страница). | 20 мин | Листови за проба Модул 3 (Додаток А)<br><br>Маркер за бела табла<br><br>Алатки за ученици и мапа со материјали (Додаток Б)<br><br>Пенкала за делење (можете и да ги замолите да донесат свои) |

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Ајде да создаваме! #1 (продолжение)** | 1. Пресечете 40 цм од внатрешната цевка<br>2. Преклопете ја внатрешната цевка (оставајќи капак за преклопување на горната страна)<br>3. Обележете 5 дупки на секоја страна<br>4. Направете ги дупките<br>5. Пресечете две парчиња од 25 цм еластична врвца/конец<br>6. Направете еден јазол на крајот од секоја нишка од врвцата<br>7. Зашијте ги заедно<br>8. Направете две дупки во аглите на “капакот за преклоп” за да може да се затвори.<br>9. Декорирајте!<br> | | Искористени внатрешни цевки (од широк тип, 40 цм за еден ученик посебно, пресечени и измиени)<br><br>Еластична врвца/конец (2x25 за секој ученик)<br><br>Лепак<br><br>Подлога за лепак<br><br>Четки<br><br>Перфоратори (дупчалки за хартија)<br><br>Платнено марамче |

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **ПО ИЗБОР**<br><br>**Ајде да создаваме #2!** | Кога ќе ги завршат држачите за пенкала, соберете ги повторно сите деца пред таблата. Наставникот демонстрира како да се направи:<br><br>1. **Привезок** користејќи парчиња од стара внатрешна цевка и платно од различни бои.<br><br>1. Пресечете 20 цм од внатрепна цевка (од тип права и тесна)<br>2. Пресечете ја на долж и на половина од нејзината целосна должина<br>3. Пресечете две парчиња од 7цм врвца/конец<br>4. Превиткајте ја внатрешната цевка околу привезокот<br>5. Направете две дупки на секоја страна од лентата<br>6. Ставете ја врвцата низ дупката и направете јазли<br><br>Забелешка: покажете им дека можат да ги украсат нивните каиши!<br><br>2**. Ѓердан** користејќи парчиња од стара внатрешна цевка, метални прстени и штрафови<br><br> | 10 min | <u>За привезокот:</u><br><br>Искористени внатрешни цевки (тесен тип, 20 цм за секој ученик посебно, пресечени и измиени)<br><br>Еластична врвца/конец (2 x 10 цм за ученик)<br><br><u>За ѓердани</u><br><br>Нишка/врвца за ѓердан (40 цм за ученик)<br>Метални прстени и штрафови<br><br>Резервни парчиња од внатрешна цевка<br><br>По избор: Челични катанци |

## 3. ИНТЕРАКЦИЈА

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Правење тимови** | Подредете ги децата, потоа дајте им различни форми, на пр. круг, триаголник, квадрат и срце.<br><br>Проверете дали можат да работат во парови за да си помагаат меѓусебно (на пример ова е потребно за правење на дупките). Ако бројот во групите е непарен, направете една група од три члена и бидете подготвени да им помогнете. | 5 мин | Нема |
| **Создавај!** | Следејќи ги чекорите објаснети во Ајде да создаваме #1!, оставете ги децата да ги направат држачите за пенкала, додека се движите наоколу за да им помагате.<br><br>За учениците може да е многу тешко да ги направат дупките без помош (и да им одземе многу време). Сепак оставете ги да пробаат, и помогнете ако видите дали тоа е изводливо. | 30 мин | Види **Ајде да создаваме #1!** |
| **Создавај!** | Следејќи ги чекорите објаснети во Ајде да создаваме #2!, оставете ги децата да одберат што ќе прават, пр. Или привезок или ѓердан. | 10 мин | Види **Ајде да создаваме #2!** |

## 4. ВЕЖБИ

| Активност | Опис | Време | Материјали |
|---|---|---|---|
| **Clean up** | Поделете ги децата во “тимови за чистење”, пр. Секоја група е одговорна за собирање различни предмети. Внатрешни цевки, ножици, лепак, платно итн. На овој начин ги вежбаат имињата уште еднаш. Тие можат да ги подредат предметите на масите во училницата или на подот во различни купови. | 5 мин | Нема |
| **Лист со вежби** | Поделете ги вежбите и објаснете подетално. Изработете ги заедно за време на часот ако има време, или дајте им ги како домашна задача. | 5-15 мин | Вежби за ученици (Додаток В) |

# Додаток А: Листови со вежби

Овие вежби може да се испечатат во А4, потоа да се измешаат заедно на ѕидот за вежби.

Кога ќе се прикажат вежбите пожелно е да се презентираат клучни изрази.

СОВЕТ: Ако сакате да ги користите вежбите за повеќе од еден час, можете да ги пластифицирате страниците и користете маркер за бела табла.

Erasmus+







Erasmus+






UHU
extra













Erasmus+









Erasmus+



Внатрешна
цевка



Метални
прстени



Штрафо
ви?



Штрафови
(ЗАБЕЛЕШКА:
децата ја
немаат оваа
слика)



Перфоратор
(дупчалка за
хартија)



(пар ножици)



Платно/плат
нени
марамчиња



Врвца/к
онец




Лепак



Футрола
за
пенкала



Синџир/пр
ивезок за
клучеви



Ѓердан



Квадрат



Правоагол
ник



Триаголн
ик



Круг



Ѕвезда



Срце

# Додаток Б: Алатки за учениците и мапа со материјали















Erasmus+

# Додаток В: Вежби за учениците

Erasmus+

## Вежби 4 – Што можеш да направиш?

*Што ви е потребно за да ги направите двата предмета подолгу?*
*Именувајте ги предметите и повлешете линии до потребниот алат.*





______________________________ ______________________________


















Erasmus+

*Нацртајте ја правилната форма веднаш до името.*

Црвен триаголник

Син круг

Портокалов правоаголник

Розево срце

Жолта ѕвезда

А ______________________.

Erasmus+

Погледнете што направиле другите луѓе!






Што можеш ти да направиш?

Повлечете линија од зборот до соодветниот дел од телото.

Дланки

Нозе

Стопала



Уста

Уши

Раце

Колена

Глава